**АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА СКОПЈЕ**

**НАЦИОНАЛНА ГРУПАЦИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

Врз основа на Одлуката за свикување на Годишно собрание на акционери на Национална групација за осигурување АД Осигурителна полиса Скопје бр.02-2073/1 од 31.03.2023г. донесена од Одборот на директори на Друштвото, Одборот на директори на Национална групација за осигурување АД Осигурителна полиса - Скопје објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за учество на Годишно собрание на акционери на АД Осигурителна полиса Скопје**

Годишното собрание на акционери Национална групациија за осигурување АД Осигурителна полиса Скопје ќе се одржи на ден 04.05.2023година (четврток) со почеток во 13часот во седиштето на Друштвото во Скопје на бул.Свети Климент Охридски бр.26 со следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

1.Избор на претседавач на Собранието и

2.Избор на тројца бројачи на гласови;

**РАБОТЕН ДЕЛ**

1.Одобрување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на Друштвото во 2022 година со предлог одлука;

2.Одобрување на Годишен извештај на внатрешен ревизор за работењето на Друштвото во 2022 година со предлог одлука;

3.Одбрување на Извештајот на независниот ревизор и финанските извештаи на Национална групација за осигурување АД Осигурителна полиса Скопје за годината која завршува на 31.12.2022 година;

4. Одобрување на Извештајот за работењето на Одборот на Директори на Друштвото за 2022 година колективно и од аспект на поединечни членови со предлог одлука;

5.Одлучување за распределба на добивката на Друштвото остварена во 2022 година со предлог Одлуки и

6.Избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2023 година со предлог одлука.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество на Собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Секојa акционер има право да прелдожи точки на дневен ред и да предложи усвојување на одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред најдоцна во рок од осум дена од денот на објавување на повикот.

Секој акционер може да овласти со нотарски заверено полномошно свој полномошник кој ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на Дневен ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.

Увид во материјалите од дневниот ред на Собранието може да изврши секој акционер пред одржување на Собранието секој работен ден во просториите на Друштвото.

**АД Осигурителна полиса Скопје**